# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 29.07.2022 ГОДИНА<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 2022<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-872/2
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (‘’Службен весник на РМ’’ бр.5/2002), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ’’бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 ), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (‘’Службен гласник на општина Кривогаштани’’ бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 29.07.2022 година донесе :

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **А0 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 463110 Трансфери до здруж.на граѓани,фонд. | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D0 ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 463110 Трансфери до здруж.на граѓани,фонд. | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 Основни плати-државни службеници | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402120 Придонес за бенифициран стаж | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одрж.на софтвер.и хардвер | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 491190 Отплата на главнина од заемите | 272.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425190 Изнајмување на др.опрема за специј.нам. | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FD0 УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JIA КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОД | | | | | |
| 482320 Изградба на пречис станици и колектори | **-1.222.000** | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.08-842/3
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
## за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година, што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-875/3 Градоначалник на
29.07.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 95 Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани ("Службен гласник на општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на општина Кривогаштани на седницата одржана на 29.07. 2022 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2022г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2022 година број 08-1353/4 од 24.12.2021 година, бр.08-417/3 од 28.03.2022 година и бр.08-638/9 од 31.05.2022 г.

2. Поради измена и дополнување на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РСМ број 16/2022)
   Во точка 6.1. Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, после точка 10 се додава: точка 11 и точка 12 и тоа:

11. Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, | 0,01 |

| | | |
|---|---|---|
| | биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) | |

12. Објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |

-За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 11,

- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 12,

-За објекти за производство на електрична енергија (ветерници) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 1.200.000 денари за една ветерница.

3. Во делот -висина на надоместокот -за објекти од класи на намена G-производство, дистрибуција и сервиси се додава: „ и стоваришта„

4. Во Програма: ЈД: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ, во Проект 1: Изработка на техничка документација, после зборовите: „и Кривогаштани во должина од 500м„ се додава ,,Врбјани должина од 170м,, и ,,Подвис со должина од 200м,,.
   Вредноста на Програмата се зголемува за 100.000 денари

5. Во Програма ГД-Програма за енергетска ефикасност се додава Проект 4 кој гласи: ,,Изработка на техничка документација за поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани.,,
   Вредност: 60.000 денари
   Вредноста на Програмата не се менува (планираната вредност од Проект 2 се намалува за 60.000 денари)

6. Во програма Ф2-УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ после проект 9 се додава проект 10: ,,Реконструкција со пренамена на постојно училиште во музеј, во Кривогаштани-ОпштинаКривогаштани,,

Вредност: 5.550.000 денари
Извор на финансирање:
Министерство за локална самоуправа 4.700.000 денари
ЕЛС Кривогаштани: 850.000 денари
Вкупната Вредност на програмата Ф2 не се менува( Вредноста на проект 7 се намалува за 850.000 денари).

Бр.08-842/4
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г.

1. Се прогласува Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г., што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г., ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-872/4
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 22 ст.1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РСМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20), и чл.15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на ден 29.07.2022 година, донесе

**Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г.**

Член 1

Со оваа одлука се врши дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 година бр.08-150/5 од 11.02.2022 година и бр.08-327/18 од 14.03.2022 година и тоа:

-Во потточка 2.3 Урбанистички проекти се додава:

- реден број 14 кој гласи:

Изработка на Урбанистички Проект за инфраструктура за изградба на дел од улица Гоце Делчев, населено место Кривогаштани(финансирање од страна на општината) и

- реден број 15 кој гласи:

Изработка на Урбанистички Проект за разработување на Урбанистички план на дел од Блок 6, село Кривогаштани (финансирање од страна на општината).

Член 2

Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кривогаштани.

Бр.08-842/5<br>
28.07.2022 год.<br>
Кривогаштани

Претседател на Совет на<br>
Општина Кривогаштани<br>
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-875/5 — Градоначалник на
29.07.2022 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 29.07.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Квартален извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на 29.07.2022 година, го разгледа Кварталниот извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-842/6 Претседател на Совет на
29.07.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

ПРИЛОГ:Квартален извештај(втор квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-875/6 Градоначалник на
29.07.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 29.07.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Марина Придаенкоска од Обршани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 3.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година на Марина Придаенкоска од Обршани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-842/7
29.07.2022 год.
Кривогаштни

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.07.2022 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-875/7
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 29.07.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Војне Блажески од Подвис.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 2.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година на Војне Блажески од Подвис.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’.

Бр.08-842/8
29.07.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 12-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 29.07.2022 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година............................................................1

- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година,........................................................................................1

2. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година,........................................................................................2

-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2022 година,................3

3. Заклучок за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г....................................................................................................5

-Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 г........6

4. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година,...................................7

-Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година,...................................................................7

5. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани,........................................................................8

-Одлука за одобрување на финансиски средства на Марина Придаенкоска од Крушеани,....................................................................................................................8

6. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис........................................................................................9

-Одлука за одобрување на финансиски средства на Војне Блажески од Подвис.......................................................................................................................10

ПРИЛОГ:Квартален извештај(втор квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**